СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

**Бр. 02-1046/2**
**Скопје, 27.10.2021 година**

Врз основа *член 21, став 1 точка 14* од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Сл.весник на РСМ бр. 118/2021) и член 25 од Деловникот за работа на Собранието на СКМ, **Собранието на Стоматолошката комора на Македонија**, на својата **11-та** седница, одржана на ден **27.10.2021** година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за усвојување на предлог-измени на Правилникот за поблиски критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата**

**Член 1**

Во Правилникот за поблиски критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/17), во член 2 став (2) алинејата 4 се заменува со нова алинеја, која гласи:
„ - да има искуство од најмалку еден лиценцен период во областа на општата стоматологија, односно од областа на специјализацијата соодветна за делот на стажот кој се спроведува, согласно подзаконскиот акт со кој се пропишува планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водење на приправничката книшка."

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивањето на согласноста од министерот за здравство и објава во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Образложение**

Донесувањето на овој правилник е засновано на член 120 став (2) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21 и 122/21) и член 21 став (1) алинеја 14 и 15, а во врска со член 81 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 118/21).

Правилникот за поблиски критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да ги исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата е донесен од Собранието на Комората на седницата одржана на 28.03.2017 година и е објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 115/17.

Согласно член 2 став (2) од Правилникот, едукаторот под чиј надзор се спроведува пробната работа на докторите на стоматологија треба да ги исполнува следните критериуми:
-да има завршено стоматолошки факултет,
-да поседува соодветна лиценца за работа,

ул „Балзакова" бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk

-да има заснован работен однос во соодветна здравствена установа на неопределено работно време,
- да поседува сертификати за континуирана стоматолошка едукација во согласност со Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата.

Измената на член 2 став (2) алинеја 4 се предлага со цел да се допрецизираат критериумот по однос на работното искуство што треба да ги исполнат кандидатите за едукатори во процесот на спроведување на пробната работа на докторите на стоматологија согласно Правилникот за планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водење на приправничката книшка, а со тоа и подобри квалитетот на спроведената пробна работа од страна на докторите на стоматологија.

Имено, **согласно член 2 став 1 точка 2** од Правилникот за планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водење на приправничката книшка („Службен весник на Република Македонија" бр.65/04 и 59/05) за здравствените работници со завршен стоматолошки факултет е предвидено пробната работа да се обави во:

- општа стоматологија - 70 дена
- болести на забите и ендодонтот - 35 дена
- болести на устата и парадонтот - 35 дена
- детска и превентивна стоматологија - 60 дена
- орална хирургија – 45 дена
- максилофацијална хирургија - 20 дена
- ортопедија на вилицата – 30 дена
- стоматолошка протетика - 60 дена
- социјална медицина со организација на здравствената дејност - 10 дена.

Заради овие причини се предлага измена на постојната алинеја 4, според која се бара кандидатот да поседува сертификати за континуирана стоматолошка едукација со воведување на нов критериум по однос на работното искуство на кандидатите за едукатори - да има искуство од најмалку еден лиценцен период во областа на општата стоматологија, односно од областа на специјализацијата соодветна за делот на стажот кој се спроведува согласно подзаконскиот акт со кој се пропишува планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водење на приправничката книшка (болести на забите и ендодонтот, болести на устата и парадонтот, детска и превентивна стоматологија, орална хирургија, максилофацијална хирургија, ортопедија на вилицата и стоматолошка протетика). Еден лиценцен период покрива период од седум години и во тој период секој доктор на стоматологија е должен да оди на континуирана стоматолошка едукација. Според тоа, квалитативна е промената што се предлага, бидејќи во лиценцниот период се опфатени и континуираната работа со пациенти во траење од најмалку 60% од лиценцниот период и континуирана стоматолошка едукација во истиот период.

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.